Влада на Република Северна Македонија

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

**Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА 2025 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | бр.16- 1015/2 | | **Fatmir Limani** [име и презиме] |
| Датум: | 29.01.2026 | | **Министер за социјална политика, демографија и млади** |
| Место: | | (м.п.) | [потпис] |

## Резиме

Министерот за социјална политика, демографија и млади согласно член 28 од Законот за инспекциски надзор (Службен Весник на РС Македонија бр.135/2025 и 269/25), на предлог на раководителот на Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата донесе извештај за работата на Секторот за 2025 година и истиот ги содржи следните поглавја:

**Управување со ризици**- Од аспект на ризикот, проценка од неприменување на прописите кои спаѓаат во надлежност на инспекциската служба е направена преку анализа на податоците добиени од извршените инспекциски надзори, утврдените недостатоци и неправилности во примената на прописите при истите, изречените мерки за отстранување на констатираните недостатоци и неправилности во примената на прописите, како и анализа на резултатите од примената на законските прописи и подзаконските акти во работата на субјектите на инспекциските надзори.

**Организација и водење**- Во овој извештај прикажан е правниот статус на Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата, раководството, организационата структура и состојбата со човечките ресурси (број на вработени, број на инспектори кои извршиле инспекциски надзори, по вид, возраст и звање, преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори).

Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата, е организациона единица во рамки на Министерството за социјална политика, демографија и млади ( во понатамошниот текст министерството) и согласно со Правилникот за внатрешна организација работите од надлежност на истиот се извршуваа преку три одделенија и тоа Одделение за инспекциски надзор над остварување на права од социјална заштита и други парични надоместоци, Одделение за инспекциски надзор над остварување и давање на услуги од социјална заштита и Одделение за инспекциски надзор во областа на заштита на децата.

Во почетокот на 2025 година работите од надлежност на Секторот ги извршуваа вкупно 23( дваесет и три) инспектори од кои 20 (дваесет) инспектори за социјална заштита и 3 ( три) инспектори за детска заштита. Во месец мај 2025 година 1 инспектор за социјална заштита на ниво помошник инспектор – ниво В3 го оствари правото на старосна пензија , додека во текот на 2025 година двајца кандидати за инспектори на ниво В1 го положија испитот за стекнување со лиценца за инспектор и се стекна статус на инспектор. Во текот на 2025 година во Секторот имаше пет нови вработувања од кои еден Генерален инспектор на ниво Б1, еден инспектор за социјална заштита на ниво В1,

еден кандидат за инспектор за социјална заштита на ниво В1 и двајца државни службеници превземени од друга организациона единица во министерството со статус кандидати за инспектори од кои еден кандидат за инспектор за детска заштита на ниво В1 и еден кандидат за инспектор за социјална заштита на ниво В2.

Секторот спроведува инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа на социјалната заштита и заштитата на децата, над установите за социјална заштита и другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита како професионална дејност и јавни и приватни установи за деца, детски градинки, детски одморалишта и другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од областа за заштита на децата заштита како професионална дејност. Својата надлежност, на крајот на извештајниот период Инспекциската служба ја извршува преку 26 инспектори и 3 кандидати за инспектори од кои 23 инспектори се за социјална заштита и 3 инспектори за детска заштита.

**<u>Инспекциски надзор</u>**- Во извештајниот период за 2025 година, Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата ги спроведе редовните и контролните инспекциски надзори според проекцијата утврдена во месечните планови за работа и Годишниот план за работа за 2025 година донесен од страна на раководителот на Секторот ИП1 бр.16-7403/2 од 14.11.2024 година.

- Во текот на извештајниот период извршени се 136 редовни инспекциски надзори, 445 вонредни и 247 контролни инспекциски надзори, при што се констатирани вкупно 817 неправилности.
- Бројот на вонредни инспекциски надзори извршени по службена должност, иницијативи од граѓани, надлежни органи и други органи и организации во областа на семејното законодавство во постапката за уредување на лични односи и непосредни контакти и вршење на родителското право, старателството, постапката за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, во областа на заштита на децата, како и во остварување на правата на парична помош од социјална заштита во 2025 година изнесува 445.

- Во извештајниот период, извршени се вкупно 828 инспекциски надзори, од кои во областа на социјалната заштита и семејното законодавство 591 и во областа за заштита на децата 237.
- Корелацијата меѓу извршените контролни инспекциски надзори со утврдените неправилности се должи на спецификите на областа во која се врши инспекцискиот надзор, односно при еден инспекциски надзор најчесто се констатираат повеќе неправилности, а следствено на тоа се изрекуваат и повеќе инспекциски мерки за отстранување на констатираните неправилности со еден ист инспекциски акт. Тоа

значи дека со еден контролен надзор се контролираат повеќе претходно изречени мерки во еден инспекциски акт.

**Обука на инспекторите и административните службеници**

Континуираното професионално и стручно усовршување и обучување на инспекторите се спроведува , во согласност со потребите на инспекциската служба и во согласност со Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2025 година бр.02-579/1 донесена од Претседателот на Инспекциски Совет на 20.06.2024 година и Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2025 година ИП1 бр. бр.16-7693/1 донесен од страна на Раководителот на Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата на 26.11.2024 година.

**Буџет и финансирање**-- Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата како организациона единица во состав на Министерството за социјална политика, демографија и млади, нема посебен систем на управување со финансиските прашања и останати буџетски ресурси. Затоа, финансирањето на инспекциската служба е инкорпорирано во единствениот буџет на министерството. Управувањето го врши Секторот за финансиски прашања, сметководство и буџет. И покрај тоа, инспекциската служба во соработка со Секторот за буџет и финансии при Министерството за социјална политика, демографија и млади, го определи поголемиот дел од буџетските ставки на расходи предвидени за инспекциската служба во овој период.

**Меѓународна соработка**- Според Годишниот план за работа за 2025 година, инспекциската служба нема планирано меѓународна соработка, заради што во извештајниот период, ваква соработка не е остварена.

**Други активности на инспекциската служба**-Инспекциската служба при извршувањето на работните задачи се води од начелата дефинирани во Законот за инспекциски надзор: законитост, еднаквост, непристрасност, објективност, не селективност, самостојност, заштита на јавниот интерес, превенција, пропорционалност и јавност.

Инспекциската служба и во овој извештаен период ја продолжува воспоставената континуирана соработка со Инспекцискиот совет, Народен правобранител на РСМ, Државна комисија за спречување на корупција, ЈУ Завод за социјални дејности, Комисијата за лиценцирање на даватели на социјални услуги, Државен инспекторат за труд, Агенција за вработување на РС Македонија, Министерство за внатрешни работи,

Управа за јавни приходи, Фонд за пензиското и инвалидско осигурување на РС Македонија, организации од граѓанскиот сектор и други органи и организации.

## 1. Управување со ризици

Проценката на ризик е направена преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на инспекциската служба и мерење на степенот на ризик со цел ефективно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорите над субјектите на инспекциски надзор во надлежност на Секторот.

Степенот на ризик согласно методологијата за проценка на ризик се утврдува врз основа на матрицата на ризици 3x3, на чија хоризонтална оска се нанесуваат вредностите за степенот на тежината на штетните последици, а на вертикалната оска се нанесуваат вредностите за степенот на веројатноста за случување на штетните последици.

Врз основа на направените анализи и обработените податоци добиени од извршените инспекциски надзори како и месечните извештаи по областите кои спаѓаат во делокруг на работа на оваа инспекциска служба, направена е проценката на ризик. Преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на инспекциската служба и мерење на степенот на ризик со цел ефективно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорите над субјектите на инспекциските надзори во надлежност на Секторот, реализирани се планираните инспекциски надзори над примената и спроведувањето и тоа на:

- Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РС Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 ,65/23 и 192/25), со кој се уредени работите од областа на социјалната заштита;
- Законот за семејството ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15 и Службен весник на РС Македонија 53/21, 199/23 и 192/25) со кој се уредува бракот и семејството и облици на посебна заштита на семејството, посвојувањето и старателството;
- Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Службен весник на РС Македонија бр. 24/2021 и 39/25) со кој се уредува постапувањето на институциите при преземање на мерки за превенција и заштита на жените од родово-базирано насилство и семејното насилство;

- Законот за правда на децата ( Службен весник на РС Македонија бр. 66/2024) со кој се уредува постапувањето со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци;
- Закон за социјална сигурност на старите лица ("Службен Весник на РС бр. 104/19 и 192/25) со кој се уредуваат условите и постапката за остварување и финансирањето на правото на социјална сигурност за старите лица;
- Законот за заштита на децата (Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19 и Службен весник на РС Македонија бр. 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) со кој се уредува системот и организацијата за заштита на децата.

## 2. Организација и раководење

Во рамки на министерството надлежностите од аспект на креирање и координирање на политиките и мерките во областа на инспекцискиот надзор ги извршува Генерален инспектор за развој и унапредување на инспекциските политики во социјалната заштита на ниво Б1.

Инспекциската служба е организирана како организациона единица Сектор со три одделенија согласно Правилникот за внатрешна организација на Министерството за социјална политика, демографија и млади и Правилникот за систематизација на работните места . На крајот на извештајниот период за 2025 година состојбата со распределеност по организациони единици е следна:

### 2.1. Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата

- Главен инспектор -ниво Б2-1 Раководител на сектор
- Помошник главен инспектор- ниво Б3-1 помошник раководител на сектор

### 2.1.1 Одделение за инспекциски надзор над остварување на права од социјална заштита и други парични надоместоци-

- Виш инспектор- ниво Б4 -1 – раководител на одделение
- советник инспектор -ниво В1 --11 инспектори
- помлад инспектор – ниво В4 –2 инспектори
- кандидат за инспектор – ниво В2 – 1 административен службеник

### 2.1.2 Одделение за инспекциски надзор над остварување и давање на услуги од социјална заштита

- Виш инспектор- ниво Б4 -1 – раководител на одделение
- советник инспектор -ниво В1 –-6 инспектори
- кандидат за инспектор – ниво В1 –1 административен службеник

**2. 1.3 Одделение за инспекциски надзор во областа на заштита на децата**

- Виш инспектор- ниво Б4 -1 – раководител на одделение
- советник инспектор -ниво В1 –-1 инспектор
- кандидат за инспектор- ниво В1 – 1 административен службеник

Со инспекциската служба во овој извештаен период раководи раководителот на сектор - главен инспектор, еден помошник раководител на сектор- помошник -главен инспектор и три раководители на одделенија-виши инспектори.

Инспекциската служба работите од својата надлежност ги извршува преку 26 инспектори, од кои 23 се инспектори за социјална заштита и 3 инспектори за детска заштита, кои се распоредени во Скопје- 16, Штип-1, Куманово- 4, Гевгелија- 1, Струмица - 1, Кичево- 1, Гостивар- 1 , Битола-2 и Велес-1.

Во почетокот на 2025 година работите од надлежност на Секторот ги извршуваа вкупно 23( дваесет и три) инспектори од кои 20(дваесет) инспектори за социјална заштита и 3 ( три) инспектори за детска заштита. Во месец мај 2025 година 1 инспектор за социјална заштита на ниво помошник инспектор – ниво В3 го оствари правото на староснa пензија , додека во текот на 2025 година двајца кандидати за инспектори на ниво В1 го положија испитот за стекнување со лиценца за инспектор и се стекна статус на инспектор. Во текот на 2025 година во Секторот имаше пет нови вработувања од кои еден Генерален инспектор на ниво Б1, еден инспектор за социјална заштита на ниво В1, еден кандидат за инспектор за социјална заштита на ниво В1 и двајца државни службеници преземени од друга организациона единица во министерството со статус кандидати за инспектори од кои еден кандидат за инспектор за детска заштита на ниво В1 и еден кандидат за инспектор за социјална заштита на ниво В2.

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во 2025година, по вид, возраст и звање*

| Вид | Инспектор за социјална заштита | | | | | | Инспектор за детска заштита | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/ Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 - генерален инспектор | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Б2 - главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Б3 - пом. главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Б4 - виш инспектор | | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| В1 - советник инспектор | | 2 | 8 | 3 | 4 | 17 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18 |
| В2 - самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 - помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 - помлад инспектор | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Вкупно | 0 | 4 | 11 | 3 | 4 | 23 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 26 |

- *прикажаната состојба е на крајот на извештајниот период*

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во 2025 година*

| Вид | Инспектор за социјална заштита | | | Инспектор за детска заштита | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво-Звање/Возраст** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** |
| **Б1 – генерален инспектор** | 1 | | **1** | | | **0** | 1 | 0 | **1** |
| **Б2 – главен инспектор** | | | **0** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Б3 – пом. глав. инспектор** | | | **0** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Б4 – виш инспектор** | | | **0** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В1 – советник инспектор** | 2 | | **2** | 1 | | **1** | 3 | | **3** |
| **В2 – самостоен инспектор** | 1 | | **1** | | | **0** | 1 | | **1** |
| **В3 – помошник инспектор** | | 1 | **-1** | | | **0** | | 1 | **-1** |
| **В4 – помлад инспектор** | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **4** | **1** | **3** | **1** | **0** | **1** | **5** | **1** | **4** |

* тројца административни службеници се вклучени во процесот на обука за стекнување со лиценца за инспектор и се со статус на кандидат за инспектор

## 3.Инспекциски надзор

И во овој извештаен период, поединечните месечни планови за работа, секторот ги реализираше преку:

- редовни инспекциски надзори кои опфаќаат надзор над спроведување на законите и другите прописи кои се во надлежност на овој орган;

- вонредни инспекциски надзори кои се вршат врз основа на иницијативи поднесени од државни органи, физички или правни лица, како и по службена должност;

- контролни инспекциски надзор кои се вршат по истекот на рокот определен во решението донесено за отстранување на утврдените неправилности.

Инспекцискиот надзор во центрите за социјална работа, давателите на социјални услуги, установите за социјална заштита и заштита на децата од предучилишна возраст во овој период ги опфатија следните подрачја:

*-Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата-*

1. Права на парична помош од социјална заштита (гарантирана минимална помош, надоместок заради попреченост, помош и нега од друго лице, надоместок за плата за скратено работно време, право на социјална сигурност за старите лица)
2. Социјални услуги
    1) услуги во домот ( помош и нега во домот и лична асистенција)
    2) услуги за вон-семејна заштита ( сместување во установа)
3. Постапки од семејно законодавство
    1) Старателство
    2) Посвојување
    3) Постапки родителско право, односи родители-деца мировни постапки-
4. Постапки за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство
5. Право на социјална сигурност за старите лица
6. Правда за децата- постапки со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци;
7. Права за заштита на децата ( детски додаток; посебен додаток; еднократна парична помош за новороденче; родителски додаток за дете; додаток за образование,)
8. Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст

Според табеларниот приказ, извршени се вкупно 828 инспекциски надзори, од кои во областа на социјалната заштита и семејното законодавство 591 и во областа за заштита на децата 237. Вонредните инспекциски надзори извршени по службена должност, иницијативи од граѓани, надлежни органи и други органи и организации во 2025 година изнесува 445.

Во текот на извештајниот период извршени се 136 редовни инспекциски надзори, 445 вонредни и 247 контролни инспекциски надзори, при што се констатирани вкупно 817 неправилности.

Споредбено со 2024 година, се забележува зголемување во бројот на спроведени надзори, односно од 458 спроведени надзори во 2024 година, во 2025 година тој број изнесувал 828 , од кои 445 инспекциски надзори или 54% се вонредни надзори. Зголемениот број на спроведени надзори е во директна кореларија и со бројот на утврдени неправилности кај субјектите на инспекциски надзор каде се бележи зголемување за 19% ( од 685 во 2024 година тој број се зголемил на 817 во 2025 година), со што е зголемена и заштитата над остварувањето на правата од социјална и детска заштита, заштитата на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица.

*-Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата-*

| | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|
| 2024 | 110 | 241 | 134 | 485 | 685 |
| 2025 | 136 | 445 | 247 | 828 | 817 |

Редовните инспекциски надзори се планирани врз основните принципи на методологијата на проценка на ризици. При планирањето на истите, се земаат во предвид поднесените иницијативи за вршење на вонредни инспекциски надзори во претходниот период и бројот и тежината на утврдени неправилности во субјектите на надзор. На тој начин е планирано да се извршат редовни инспекциски надзори во оние субјекти каде е утврден поголем број на неправилности и зголемено повторување на истородните неправилности, неправилности со груби повреди на правата на корисниците за кои се предвидени прекршочни постапки и неправилности кои можат да предизвикаат или предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, финансиска штета или штета по имотот од поголема вредност како и загрозување на јавниот интерес. Зачестеноста на инспекциските надзори и ангажираните ресурси при истите, се пропорционални со нивото на ризик во правец на намалување на реалниот ризик наметнат од неправилностите во работата кај субјектите на инспекциски надзор.

**Соодносот на контролните инспекциски надзори со утврдените неправилности се должи на спецификите на областите во кои се врши инспекцискиот надзор, односно при еден инспекциски надзор се констатираат повеќе неправилности, а адекватно на тоа се изрекуваат повеќе инспекциски мерки за отстранување на констатираните неправилности во еден ист инспекциски акт. Тоа значи дека во еден контролен инспекциски надзор се контролираат повеќе претходно изречени мерки во еден инспекциски акт.**

При инспекциските надзори, посебна специфичност претставува обемот и сложеноста на предметот на надзор. Ова особено се забележува при вршење на вонредните инспекциски надзори кога предмет на инспекцискиот надзор е постапка за остварување и користење на права и услуги регулирани во повеќе закони, поради што инспекторот истовремено треба да изврши надзор над применувањето и спроведувањето на повеќе закони, како и општи и поединечни акти донесени врз нивна основа.

| Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во 2025 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред.Бр.** | **Регион/Општина** | **Вид на надзор** | | | **Вкупно надзори** | **Вкупно неправилности** |
| | | **Редовен надзор** | **Вонред. надзор** | **Контрол. надзор** | | |
| | **Вардарски регион** | 19 | 38 | 16 | 73 | 63 |
| 1 | Велес | 5 | 9 | 5 | 19 | 21 |
| 2 | Градско | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 3 | Демир Капија | 0 | 4 | 2 | 6 | 1 |
| 4 | Кавадарци | 4 | 11 | 4 | 19 | 16 |
| 5 | Лозово | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 6 | Неготино | 3 | 5 | 2 | 10 | 5 |
| 7 | Росоман | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 8 | Свети Николе | 4 | 6 | 2 | 12 | 19 |
| 9 | Чашка | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| | **Источен регион** | 19 | 44 | 25 | 88 | 72 |
| 10 | Берово | 2 | 6 | 4 | 12 | 7 |
| 11 | Виница | 5 | 2 | 4 | 11 | 13 |
| 12 | Делчево | 1 | 2 | 3 | 6 | 0 |
| 13 | Зрновци | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 |
| 14 | Карбинци | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 15 | Кочани | 3 | 11 | 5 | 19 | 13 |
| 16 | Македонска Каменица | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 17 | Пехчево | 0 | 3 | 1 | 4 | 1 |
| 18 | Пробиштип | 4 | 5 | 5 | 14 | 18 |
| 19 | Чешиново | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 20 | Штип | 4 | 9 | 3 | 16 | 20 |
| | **Југозападен регион** | 11 | 39 | 19 | 69 | 81 |
| 21 | Вевчани | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 22 | Дебар | 0 | 10 | 1 | 11 | 21 |
| 23 | Дебарца | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 24 | Кичево | 2 | 5 | 2 | 9 | 3 |
| 25 | Македонски Брод | 1 | 3 | 1 | 5 | 7 |
| 26 | Охрид | 7 | 9 | 14 | 30 | 36 |
| 27 | Пласница | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 28 | Струга | 1 | 11 | 1 | 13 | 14 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | Центар Жупа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Југоисточен регион** | 12 | 47 | 29 | 88 | 75 |
| 30 | Богданци | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| 31 | Босилово | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 |
| 32 | Валандово | 3 | 6 | 3 | 12 | 21 |
| 33 | Василево | 0 | 1 | 1 | 2 | 1 |
| 34 | Гевгелија | 0 | 5 | 4 | 9 | 2 |
| 35 | Дојран | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 36 | Конче | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 37 | Ново Село | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 38 | Радовиш | 2 | 7 | 9 | 18 | 16 |
| 39 | Струмица | 6 | 23 | 11 | 40 | 34 |
| | **Пелагониски регион** | 12 | 36 | 16 | 64 | 60 |
| 40 | Битола | 5 | 19 | 5 | 29 | 28 |
| 41 | Демир Хисар | 3 | 3 | 2 | 8 | 12 |
| 42 | Долнени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 44 | Крушево | 2 | 1 | 2 | 5 | 3 |
| 45 | Могила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 46 | Новаци | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 47 | Прилеп | 1 | 7 | 6 | 14 | 8 |
| 48 | Ресен | 1 | 4 | 1 | 6 | 9 |
| | **Полошки регион** | 12 | 29 | 16 | 57 | 110 |
| 49 | Боговиње | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 |
| 50 | Брвеница | 1 | 4 | 0 | 5 | 5 |
| 51 | Врапчиште | 0 | 3 | 0 | 3 | 2 |
| 52 | Гостивар | 6 | 8 | 8 | 22 | 49 |
| 53 | Желино | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 54 | Јегуновце | 1 | 1 | 2 | 4 | 2 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 56 | Теарце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 57 | Тетово | 4 | 11 | 6 | 21 | 51 |
| | **Североисточен регион** | 13 | 19 | 13 | 45 | 43 |
| 58 | Кратово | 1 | 1 | 1 | 3 | 5 |
| 59 | Крива Паланка | 5 | 1 | 3 | 9 | 2 |
| 60 | Куманово | 6 | 15 | 5 | 26 | 33 |
| 61 | Липково | 1 | 1 | 1 | 3 | 2 |
| 62 | Ранковце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | 0 | 1 | 3 | 4 | 1 |
| | **Скопски регион** | 38 | 193 | 114 | 345 | 313 |
| 64 | Аеродром | 1 | 12 | 5 | 18 | 11 |
| 65 | Арачиново | 0 | 0 | 1 | 1 | 8 |
| 66 | Бутел | 2 | 15 | 8 | 25 | 36 |
| 67 | Гази Баба | 1 | 8 | 3 | 12 | 15 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 68 | Ѓорче Петров | 2 | 5 | 3 | 10 | 12 |
| 69 | Зелениково | 0 | 2 | 0 | 2 | 2 |
| 70 | Илинден | 1 | 5 | 1 | 7 | 6 |
| 71 | Карпош | 13 | 28 | 16 | 57 | 67 |
| 72 | Кисела Вода | 7 | 18 | 14 | 39 | 48 |
| 73 | Петровец | 0 | 3 | 1 | 4 | 5 |
| 74 | Сарај | 1 | 4 | 0 | 5 | 5 |
| 75 | Сопиште | 2 | 9 | 4 | 15 | 10 |
| 76 | Студеничани | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 77 | Центар | 5 | 67 | 44 | 116 | 62 |
| 78 | Чаир | 1 | 11 | 11 | 23 | 16 |
| 79 | Чучер-Сандево | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 |
| 80 | Шуто Оризари | 2 | 2 | 2 | 6 | 10 |
| ВКУПНО | | 136 | 445 | 248 | 829 | 817 |

Во периодот од 21 март 2025 година до 17 април 2025 година инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата спроведоа ***вонредни инспекциски надзори во 175 субјекти на инспекциски надзор во системот на социјалната заштита и системот на заштита на децата*** , во поглед на спроведувањето и примената на Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РС Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија " бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „ Службен весник на РС Македонија." бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25) и Законот за установите „Службен весник на Република Македонија" бр. 32/05, 120/05 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/22) .

Од вкупно спроведените 60 вонредни инспекциски надзори во системот на социјалната заштита , 45 надзори се извршени во установи за вон-семејна социјална заштита на стари лица ( 3 јавни општински установи и 42 приватни установи за социјална заштита), 7 вонредни надзори се извршени во установи за социјални заштита во службите за организирано живеење со поддршка, 6 вонредни надзори се извршени во установи за вон-семејна заштита кои даваат социјални услуги на деца без родители и родителска грижа, деца во ризик, лица со одреден вид и степен на попреченост, лица баратели на азил и лица кои злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанци и 2 вонредни инспекциски надзори се извршени во здруженија – даватели на социјалната услуга привремен престој на лица жртви на семејно насилство.

За отстранување на констатираните неправилности од страна на инспекторите со решение се изречени соодветни инспекциски мерки со рокови за нивно отстранување. Согласно констатираната фактичка состојба до Дирекцијата за заштита и спасување –

*-Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата-*

